# 6 Совети за зборување со лице кое пелтечи

*Пелтечењето може да изгледа како проблем кој може лесно да се реши со едноставен совет, но за многу возрасни, тоа може да биде хронично долготрајно нарушување. Тука се дадени совети со кои вие како слушател, можете да помогнете.*

1 Не давајте забелешки од типот: „Забави“, „Земи воздух“ или „Опушти се.“ Таквите симплицистички совети можат да се сфатат понижувачки и не се корисни.

2 Покажете му на лицето кое пелтечи, со вашиот начин на кој го слушате, дека следите што сака да ви каже а не како ви кажува.

3 Одржете го природниот контакт со очите и бидете трпеливи додека лицето се доискаже.

4 Ако дојдете во искушение да му го завршите зборот или реченицата, пробајте да не го правите тоа.

5 Потребно е да знаете дека лицата кои пелтечат, имаат проблем да го контролираат својот говор додека зборуваат по телефон. Бидете стрпливи во вакви ситуации. Ако ви се случи да кренете телефонска слушалка и да не чуете ништо, проверете дали можеби се работи за лице кое пелтечи и кое се обидува да го започне разговорот, пред да ја спуштите слушалката.

6 Зборувајте без брзање – но не толку полека па да звучи неприродно. Ова ја подобрува комуникацијата со секого.


Translated by Nermin Telovska, M.Sc.
Speech-Language Pathologist
European Fluency Specialist
Skopje, +389 72208385
t.nermin@yahoo.com



*A Nonprofit Organization*
*Since 1947—Helping Those Who Stutter*
**800-992-9392**
www.StutteringHelp.org
www.tartamudez.org